# ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ“ С. ВАТАША

## БРОШУРА ЗА РОДИТЕЛИТЕ

2025/2026



СОДРЖИНА:

**1**.ЦЕЛИ НА ОСНОВНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ............................................................6
**2**. ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ" с.ВАТАША ВО УЧЕБНАТА 2025/2026ГОДИНА..........................................................9
**2.1** ЛИЧНА КАРТА НА ООУ„ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ" ............................................................9
**2.2** СТРУКТУРА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ............................................................10
**2.3** ОРГАНИЗИРАНОСТ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ..................................11
**2.4** ОРГАНИЗИРАНОСТ НА УЧЕНИЦИТЕ…….............11
**2.5** ОРГАНИЗИРАНОСТ НА РОДИТЕЛИТЕ…...........…12
**2.6** МИСИЈА И ВИЗИЈА..............................................12
**2.7** SWOT – АНАЛИЗА................................................13
**2.8** ЦЕЛИ НА УЧИЛИШТЕТО.....................................13
**3.** ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА ВО УЧИЛИШТЕТО..............................................................13
**4.** ПРАВА И ОБВРСКА НА УЧЕНИЦИТЕ...........................15

# УЧИЛИШТАТА СЕ ИНСТИТУЦИИ ВО КОИ СЕ ОДВИВА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ




# УЧЕНИЦИТЕ СЕ ИДНИТЕ ГРАДИТЕЛИ НА ОВА НАШЕ ДЕМОКРАТСКО ОПШТЕСТВО



# ПОЧИТУВАНИ РОДИТЕЛИ,

Преку оваа брошура наООУ „Димката Ангелов Габерот"од с.Ваташа ќе се запознаете со:

►Целите на основното воспитание и образование чие остварување и реализирање ќе го овозможат сите субјекти инволвирани во воспитно-образовниот процес, од директорот, прекунаставниците, до стручните соработници

►Делови од годишната програма за работа на училиштетово учебната 2025/2026година

►Организација на наставата во училиштето

►Правата и обврските на учениците

Основното општинско училиште „Димката Ангелов Габерот" од с.Ваташа е училиште кое е свртено кон правата, но и кон одговорностите на учениците. Тоа се грижи за здравјето на учениците и на вработените во него, но и за развивање на една позитивна клима која ќе овозможи остварувањена училишната култура.

Нашето училиште ќе го применува успешно наставниот план и новите наставни програми само со подршка од сите чинители во воспитно-образовниот процес, меѓу кои сте и Вие како родители.
И оваа учебна година од 1 до 9 одделение наставата ќе се реализира по Наставниот план и програми за деветгодишно основно образование.



**СО ЗАЕДНИЧКА СОРАБОТКА**
**ЌЕ ОБЕЗБЕДИМЕ КВАЛИТЕТНО**
**ОБРАЗОВАНИЕ НА НАШИТЕ ДЕЦА**

# 1. ЦЕЛИ НА ОСНОВНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

- стекнување општи и применливи знаења што се потребни во секојдневниот живот или за натамошно образование,

- хармоничен, интелектуален, емоционален и социјален развој на учениците соодветно со нивните способности,

- развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување на македонски јазик и неговото кирилско писмо,

- развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување, покрај на македонски јазик кирилското писмо и на јазик и писмо на припадниците на заедниците кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик,



- развивање самодоверба и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки,

- воспитување за меѓусебна толеранција, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права,

- развивање свест кај учениците за припадност и негување на сопствениот национален и културен идентитет,

- воспитување на општи културни и цивилизациски вредности кои произлегуваат од светските традиции,

- усвојување општи и применливи знаења кои овозможуваат самостојно креативно дејствување во општествената и природната околина и развивање способности за расудување и изразување во уметноста и културните традиции,



- развивање на способности за истражување, експириментирање и решавање на проблеми,

- вклучување и водење грижа за развојот на учениците со посебни образовни потреби,

- развивање на надареноста на учениците во различни области,

- унапредување на здравиот начин  на живеење и воспитување за преземање одговорност за сопственото здравје и за заштита на животната средина.



# 2. ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ“ С.ВАТАША ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

## 2.1 ЛИЧНА КАРТА НА ООУ „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ“ С. ВАТАША

□ Адреса: ул. „Страшо Пинџур“ бр. 186
с. Ваташа

□ 264ученици од прво до деветто одделение

□ Вработени во училиштето: директор, стручни соработници, наставен кадар, администрација и технички персонал

- □ Наставата се реализира според наставни планови и програми изготвени од МОН и БРО

- □ Наставата се реализира на македонски јазик и кирилско писмо

- □ Основното образование е во траење од 9 години

- □ Наставата се изведува во една смена

- □ Просториите се соодветно опремени за успешна реализација на наставата со физичко присуство

## 2.2 СТРУКТУРА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ

- □ Настава
- □ Вонаставни активности
- □ Грижа за здравјето на учениците
- □ Соработка со локалната средина
- □ Следење, унапредување и вреднување на воспитно образовната дејност
- □ Планирање на воспитно образовната дејност
- □ Стручно усовршување на наставниците

# 2.3 ОРАГАНИЗИРАНОСТ НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ

- □ Наставнички совет
- □ Одделенски совет
- □ Стручни активи
- □ Одделенски актив
- □ Стручни соработници
- □ Одделенски раководител

# 2.4 ОРГАНИЗИРАНОСТ НА УЧЕНИЦИТЕ

- □ Ученички заедници по паралелки
- □ Ученичка заедница на ниво на училиште
- □ Детска организација и училишен парламент

# 2.5 ОРГАНИЗИРАНОСТ НА РОДИТЕЛИТЕ

- □ Совет на родители
- □ Училишен одбор

# 2.6 МИСИЈА И ВИЗИЈА

- **МИСИЈА**

**УЧИЛИШТЕ СПОРЕД ПОТРЕБИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ И ОПШТЕСТВЕНАТА СРЕДИНА, ВО КОЕ СЕ СТИМУЛИРААТ: ИНДИВИДУАЛНИОТ РАЗВОЈ НА СЕКОЈ УЧЕНИК, И СЕ РАЗВИВА СВЕСТА ЗА ПРАВАТА И ОДГОВОРНОСТИТЕ НА УЧЕНИКОТ.**

**МОТО НА УЧИЛИШТЕТО:**

**СЕКОЕ ДЕТЕ МОЖЕ ДА БИДЕ ДОБАР УЧЕНИК.**

- **ВИЗИЈА**

**УЧИЛИШТЕ ВО КОЕ ЌЕ ОБЕЗБЕДИМЕ КВАЛИТЕТНИ И СОВРЕМЕНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА, СТИМУЛАТИВНА И БЕЗБЕДНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ И ХАРМОНИЈА ПОМЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ И ПОЧИТУВАЊЕ НА РАЗЛИЧНОСТИТЕ, ОДГОВОРНОСТА И ГРИЖА КОН ЖИВОТНАТА СРЕДИНА.**

# 2.7 SWOT – АНАЛИЗА

ЈАКИ СТРАНИ

МОЖНОСТИ

СЛАБИ СТРАНИ

ЗАКАНИ

# 2.8 ЦЕЛИ НА УЧИЛИШТЕТО

Стратешкацел 1. **Подобрувањенапросторнитеи материјалнитеусловизаработа;**

Стратешкацел 2.**Унапредувањенапрофесионалнитекомпетенциинанаставниот кадар (Професионалноусовршување);**

Стратешкацел 3. **Подобрувањенаквалитетотнанаставата**

# 3. ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА НАСТАВАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

- Учебната година во основното училиште по правило започнува на 1 септември, а завршува на 31 август наредната година.

- Наставата во учебната година се остварува во 180 наставни дена.

- Настава во основното училиште не се изведува за време на државни празници и други празници утврдени со закон

- Наставниот час трае 40 минути

- Наставата во учебната година се организира во две полугодија

- Учебната година се утврдува со календар за организација и работа на основното училиште

- Наставата во училиштето се изведува по одделенија, паралелки и наставни групи со ученици од исто одделение.

# 4. ПРАВА И ОБВРСКИ НА УЧЕНИЦИТЕ

- Ученикот има право да ја посетува наставата и да учествува во воспитно – образовната работа што ја организира основното училиште

- Ученикот има обврска редовно да ја посетува наставата и да ги исполнува планираните обврски и задачи што се предвидени со наставниот план и програми и Годишната програма за работа

- Ученикот од здравствени причини може да биде ослободен од учество во

одделни активности во наставата во основното училиште врз основа на потврда издадена од соодветна здравствена установа

- За секое изостанување на ученикот од настава родителот е должен да го извести раководителот на паралелката за причините за изостанувањето

- На ученик кој наполнил 16 години му престанува обврската за редовно основно образование со истекот на учебната година

- По исклучок, по барање на родителот или ученикот, а по мислење на училишниот педагог или психолог, ученикот кој наполнил 16 години може да го продолжи образованието до навршување на 17 години

- Кон ученикот кој не ги извршува обврските и ги повредува правилата на воспитно – образовната работа се применуваат следниве педагошки мерки:

1. Усна опомена
2. Писмена опомена

3. Укор
4. Преместување на ученикот во друга паралелка
5. Намалување на поведението

- Учениците кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигања, основното училиште ги пофалува, односно наградува